# ГРУПАЦИЈА ЦЕНТРАЛ АЗИЈА МЕТАЛС

## (ВКЛУЧИТЕЛНО ЦЕНТРАЛ АЗИЈА МЕТАЛС ПЛЦ И СИТЕ НЕЈЗИНИ ПОДРУЖНИЦИ,ОГРАНОЦИ, ЗАЕДНИЧКИ ПРЕДПРИЈАТИЈА И ПОВРЗАНИ БИЗНИСИ )

## 2020 ИЗЈАВА ЗА МОДЕРНО РОПСТВО

Централ Азија Металс е производувач на основен метал со рударски и преработувачки операции и во Казакстан и Северна Македонија со вкупен годишен нето профит од 160 милиони долари во 2020г. Во Казахстан, работиме со операција за лужење на бакар на лице место, која преку фабриката SX EW произведува бакарна катода ,а во Северна Македонија, работиме со подземен рудник за цинк и олово кој произведува производи од метални концентрати кои се продаваат на топилниците за понатамошен третман преку нашиот купувач. Како меѓународен бизнис, имаме различни локални и меѓународни добавувачи кои ги опслужуваат нашите подружници. Како такви, ние сме мошне свесни за потребата од проверки и мерки долж нашите синџири на снабдување за да се осигураме дека не присуствува неплатена договорна работа, детски труд и трговија со луѓе во и поврзано со нашите операции.






CENTRAL ASIA METALS PLC

Како општествено одговорна компанија, ние сме свесни за ризиците за човековите права кои се поврзани со работата во трудоинтензивната екстрактивна индустрија. Затоа, преземаме активни чекори, во согласност со Водечките принципи на ОН, за да помогнеме да се осигураме дека нашите деловни операции не предизвикуваат, придонесуваат или се директно поврзани со кршења на човековите права насекаде во светот. Модерното ропство, дефинирано како ропство, принудна или задолжителна работа е едно од најтешки прекршувања на човековите права и нема место во нашиот бизнис или во нашиот современ свет.

Ние разбираме дека нашата лиценца за работа, како и нашата репутација во голема мера зависи од нашата способност за водење одржлив и одговорен бизнис и усогласен со нашите високи стандарди и корпоративни вредности. Почитта, особено таа за човекови права е основен принцип на нашиот бизнис и престставува нишка која се провелекува и низ нашите надворешни и внатрешни политики. Со цел да ги покажеме нашите вредности, ние ја промовираме нашата Политика за Одржливост во првите редови на она што го правиме. Оваа политика ја покажува нашата посветеност за правични работни практики, сеопфатно управување со ризикот и почитување на човековите права преку етички синџир за снабдување. Таа следи за нашето однесување како внатрешно, така и преку нашиот ангажман со добавувачите, изведувачите и релевантните засегнати страни.

Нашата Политика за Одржливост е поткрепена со нашиот Кодекс на однесување кој ја повторува потребата не само со нашите работници, туку и со оние долж нашите синџири на снабдување да се однесуваме хумано и прекршувањата, реални или сомнителни, да бидат пријавени преку нашите одредени канали. Нашата Политика за Укажувње, која вклучува екстерна линија за пријавување, е еден од таквите канали и нејзиното поставување на стратешки места обезбедува дека не само нашите вработени, туку и изведувачите и трети страни се во можност да не известат доверливо и без страв од било каква одмазда.



Преку теренска проверка за корпоративно раководење и управување, го свртевме вниманието кон управување со ризик и оценување на бизнис ризикот, при што во центарот на дискусијата се тимовите за набавка. Преку внатрешна проценка, успеавме подобро да ги идентификуваме местата на ризик, притоа забележувајќи ги потенцијалните места за подобрување. Иако имаме повеќе од 1000 добавувачи кои ги исполнуваат нашите деловни пореби, нашите цели за набавки за приоритизирање на малите, локални бизниси (2020: 60% во нашата подружница Казакстан Сари-Казна и 52%во нашата операција во Саса) значи дека нашиот севкупен ризик е среден до низок кога се работи за потребните набавки. Нашата долгорочна соработка со купивачите, значи дека нашите продажби на подружниците се ограничени на реномиран деловен партнер, минимизирајќи го потенцијалниот ризик на понатамошната продажба.

Ние секогаш вршевме длабинска анализа во согласност со нормалните деловни практики, сепак, додека ги поставувавме нашите приоритети за следната година, зедовме критички поглед на нашите процеси за набавка и проверка со цел да ги зголемиме нашите практики за длабинска анализа. Беа идентификувани областите кои би можеле да имаат корист од зголемената длабинска анализа и се одржаа фокус групи со тимовите за да се разговара за тоа кои пропорционални мерки би можеле да се преземат за да се увериме дека нашите процедури се робусни. Беше дадена препорака дека пристапот базиран на ризик ќе биде најдобар и дека потенцијалните добавувачи кои исполнуваат одредени критериуми (локација и квантумот на договорно трошење) ќе имаат корист од засилената контрола.



Преку дискусии беше утврдено дека треба да се имплементираат прашалници за такви добавувачи со зголемен ризик, при што добавувачите ќе бидат оценети според нивните одговори во кои може да бидат вклучени прашања за работните услови, составот на работната сила, обуката за политиките за човекови права, слободата дадена за здружување и колективно договарање, достапност на места за поплаки на работната сила и заштита од укажување.

Покрај нашата проценка на ризик и преглед на корпоративното управување, презедовме и други чекори кон обезбедување етички синџири на снабдување. Индукциите преку поформализиран представ процес на представување за нови добавувачи и информативни семинари за изведувачите базирани на нашата локација беше уште една цел поставена за следната година. Целта на ова е да се осигура дека нашите добавувачи, изведувачи и посредници имаат целосно разбирање за нашите политиките, нашиот став за човековите права и модерното ропство и нашите очекувања од нив понатаму. Вклучивме одредби за човекови права во нашите стандардни шаблони за договори, како и други договорни заштити кои ни овозможуваат да го раскинеме договорот кога има потенцијално прекршување или сомнителни прекршувања. Покрај нашата проценка на ризик и преглед на корпоративното управување, презедовме и други чекори кон обезбедување етички синџири на снабдување. Индукциите преку поформализиран представ процес на представување за нови добавувачи и информативни семинари за изведувачите базирани на нашата локација беше уште една цел поставена за следната година. Целта на ова е да се осигура дека нашите добавувачи, изведувачи и посредници имаат целосно разбирање за нашите политиките, нашиот став за човековите права и модерното ропство и нашите очекувања од нив понатаму. Вклучивме одредби за човекови права во нашите стандардни шаблони за договори, како и други договорни заштити кои ни овозможуваат да го раскинеме договорот кога има потенцијално прекршување или сомнителни прекршувања.

Посветени сме не само на имплементирање на промени, но и одржување на голем дел на учество, со цел да го следиме и измериме значајниот прогрес. За да се направи ова, ние го зголемивме надзорот на теренот за да го подобриме нашиот увид за ефективноста на нашите политики, нивната имплеметација и подобро да ги идентификуваме новите ризици за човекови права. Како знак на нашата посветеност на човековите права и етичките синџири за снабдување, донесовме одлука овие области да станат дел од нашите KPI за нашите долгорочни стимулативни планови, што значи дека сите вработени вклучувајќи ги членовите на одборот, имаат сопствен интерес за да ја постигнеме на нашата цел за нула злоупотреба на на човечките права во нашете предпријатие.

Посветени сме не само на имплементирање на промени, но и одржување на голем дел на учество, со цел да го следиме и измериме значајниот прогрес. За да се направи ова, ние го зголемивме надзорот на теренот за да го подобриме нашиот увид за ефективноста на нашите политики, нивната имплеметација и подобро да ги идентификуваме новите ризици за човекови права. Како знак на нашата посветеност на човековите права и етичките синџири за снабдување, донесовме одлука овие области да станат дел од нашите KPI за нашите долгорочни стимулативни планови, што значи дека сите вработени вклучувајќи ги членовите на одборот, имаат сопствен интерес за да ја постигнеме на нашата цел за нула злоупотреба на на човечките права во нашете предпријатие.

Во текот на годината, создадовме и представивме Политика за човекови права, која ги одразува вредностите и го зацврстува нашиот став против тие што представуваат закана за меѓународните закони за човечки права. За ова нашите вработени беа информирани преку обуки базирани на семинари за врвното раководство. Можностите за обуки беа идентификувани како уште еден форум кој ќе помогне да се промовират и објават нашите политики и ние ќе се осигураме вработените кој работат на позиции со висок ризик да добијат дополнителни обуки преку онлајн платформа

Горди сме на тоа што во 2020 се посветивме на разгледување на нашите бизниси во поглед на ризици, со цел да создадеме систем за подобрено корпоративно управување и транспарентност во нашите синџири за снабдување и да обезбедиме патоказ за годините што следат. Сепак, во текот на годината ќе продолжиме да наоѓаме начини да обезбедиме нашите добавувачи, изведувачи и деловни партнери да ги разберат нашите очекувања и да се придржуваат до вредностите и принципите слични на нашите.

Веруваме дека превземајќи ги овие чекори, ние го правиме потребното за да обезбедиме модерното ропство да биде отстрането во рамките на нашиот бизнис и на нашите деловни партнери.

Оваа изјава е дадена во согласност со делот 54 (1) од Законот за модерно ропство од 2015 година и се однесува на нашите дејствата и активности во текот на финансиската 2020 година и до 21 мај 2022 година

**Ник Кларк**
**Претседател**
**Централ Азија Економс**

Оваа изјава е одобрена од Одборот на директори на Централ Азија Металс на 21 мај 2021 година.
За повеќе информации за која било од политиките споменати во оваа изјава, ве молиме следете ги овие линкови:

- Политика за одржливост
- Политика за човекови права
- Кодекс на однесување
- Политика за укажување на групацијата